Правото на Аллах врз Неговите робови е да Го обожуваат и никого да не Му припишуваат како здруженик. Правото на робовите кон Аллах е да не го казни оној кој не Му припишува ништо како здруженик

Муаз, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Заедно со Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бевме качени врз магаре кое се викаше Уфејр. Тој ми рече: ‚О Муаз, дали знаеш кое е правото на Аллах врз Неговите робови и кое е правото на робовите кон Аллах?' Јас одговорив: ‚Аллах и Неговиот Пратеник најдобро знаат.' Тој ми рече: 'Правото на Аллах врз Неговите робови е да Го обожуваат и никого да не Му припишуваат како здруженик. Правото на робовите кон Аллах е да не го казни оној кој не Му припишува ништо како здруженик.' Јас прашав: ‚О, Аллахов Пратенику, дали да ги известам луѓето за ова?' Тој ми рече: ‚Не ги известувај, за да не се потпрат на тоа.'"

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува кое е правото на Аллах кон Неговите робови и кое е правото на робовите кон Аллах. Правото на Аллах кон Неговите робови е да Го обожуваат само Него и да не Му припишуваат ништо како здруженик. И дека правото на робовите кон Аллах е да не ги казни оние кои не Му припишуваат ништо/никого како здруженик. Потоа Муаз праша: „О, Аллахов Пратенику, дали да ги известам луѓето за ова за да се радуваат и да се надеваат за оваа благодат?" Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го спречи, стравувајќи да не се потпрат само врз тоа.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65007